РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УПРАВЕН СУД
СКОПЈЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
GJYKATA ADMINISTRATIVE
SHKUP

**Су-04.бр.0401-344/22-3**
**20.12.2022 година**
**Скопје**

Претседателот на Управниот суд на Република Северна Македонија, m-r Burim Sejdini, врз основа на член 36 став 1 од Законот за судска служба („Службен весник на РМ" бр.43/2014 ... 235/2022), по спроведената постапката по објавениот Јавен Оглас бр.3/2022 од 17.11.2022 година за вработување на судски службеници на неопределено време, како и Предлогот на Комисијата за избор на судски службеници за работното место – „Судски администратор" Категорија А, Ниво А2, заведен под Су-04.бр.0401-344/22 од 19.12.2022 година, на 20.12.2022 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

За работното место – „Судски администратор" Категорија А, Ниво А2 – 1 (еден) извршител, се избира кандидатот:

- **Ивана Смугреска**

Решение за вработување со избраниот кандидат ќе се донесе по конечноста на оваа одлука.

**Образложение**

Управниот суд на Република Северна Македонија, во дневните весници „Слободен печат" и „Koha", објави Јавен оглас бр.3/2022, за вработување на 2 (два) судски службеници на неопределено време и тоа:

1. Судски администратор – Категорија А, Ниво А2 – 1 (еден) извршител
2. Советник – информатичар – Категорија В, Ниво В1 – 1 (еден) извршител

По спроведената постапка за селекција за вработување, за работното место – „Судски администратор" – Категорија А, Ниво А2 – 1 (еден) извршител, согласно Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојност на докази и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категргоријата на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници („Службен весник на РМ" бр.236/2018), Комисијата за избор на судски службеници за вработување, за наведеното работно место, до претседателот на Судот достави Предлог на кандидати за вработување за работното место „Судски администратор"

Категорија А, Ниво А2, заведен под Су-04.бр.0401-344/22 од 19.12.2022 година, со кој предлог за наведеното работно место се предлага кандидатот Ивана Смугреска.

Согласно со член 36 став 1 од Законот за судска служба, судскиот администратор односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, во рок од пет дена по добивањето на предлогот на кандидати за вработување, е должен да донесе одлука за избор.

Имајќи ја предвид цитираната законска одредба, како и Предлогот на кандидати за вработување за работното место „Судски администратор“, заведен под Су-04.бр.0401-344/22 од 19.12.2022 година, претседателот на Судот одлучи како во изреката од оваа одлука.

**ДН: - Судски службеник**
- **Евиденција СУ**
- **Интернет страна на Судот**
- **Огласна табла на Судот**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од денот на доставувањето на одлуката, преку овој суд до Советот на судска служба.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**УПРАВНИОТ СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**m-r Burim Sejdini**